**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**
**СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2012 ДО 31.12.2012 ГОДИНА

**Скопје, јуни 2013 година**

## ВОВЕД

Активностите во Центарот за стручно образование и обука – Скопје (во понатамошниот текст: Центарот), се одвиваа во согласност со Програмата за работа на Центарот во 2012 година. Извештајот е изготвен врз основа на индивидуалните извештаи за работа од вработените за периодот од 01.01.2012 до 31.12.2012 година, и истиот е усвоен од страна на Управниот одбор на ден 17.06.2013 година.

Во текот на 2012 година, Центарот реализираше активности од следните области:

- Развој на стандарди на занимања и стручни квалификации;
- Развој на образовни програми;
- Истражување и развој на стручното образование;
- Деловна поддршка;
- Финансиски прашања;
- Вонпрограмски задачи.

Во текот на 2012 година, покрај работните задачи предвидени со Годишната програма, Центарот за стручно образование и обука реализираше и работни задачи кои не беа предвидени со истата, а беа зададени од страна на Министерството за образование и наука, Секретаријатот за европски прашања и други институции. Исто така, Центарот учествуваше и во активности на проекти чии носители се други институции.

## ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

## I. РАЗВОЈ НА СТАНДАРДИ НА ЗАНИМАЊА И СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

### 1.1. СЛЕДЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊАТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

За усогласување на понудата и на побарувачката на соодветните кадри на пазарот на трудот за сите нивоа на стручно образование, Центарот ги користеше постојните бази на податоци обезбедени од Агенцијата за вработување на Република Македонија и други извори.

### 1.2. СОРАБОТКА СО СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ

Центарот соработуваше со повеќе институции и субјекти заинтересирани за стручното образование, како што се: Стопанската комора, Сојузот на стопански комори, Стопанската комора на Северо-западна Македонија, Занаетчиската комора на Република Македонија, Организацијата на работодавачи, Бизнис конфедерацијата на Република Македонија и други институции.

Позитивна рефлексија од заемната соработка со социјалните партнери имаа претходно потпишаните Протоколи за социјално партнерство во областа на стручното образование и обука, како основа за долгорочна стратешка соработка помеѓу Центарот и Владата на Република Македонија од една страна, и социјалните партнери во областа на стручното образование и обука од друга страна, како и поединечните Меморандуми за соработка и разбирање помеѓу Центарот и останатите социјални партнери.

### 1.3. ИЗРАБОТКА НА СТАНДАРДИ НА ЗАНИМАЊА И СТАНДАРДИ НА СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Во рамките на Твининг проектот за поддршка за модернизација на системот за образование и обука, Центарот учествуваше во изработка на 51 стандард на занимања и 25 стандарди на стручни квалификации.

### 1.4. УЧЕСТВО ВО ДЕФИНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Советниците од Центарот учествуваа во изработка на Националната рамка на стручни квалификации и во активностите за хармонизација на националното законодавство со Директивата за признавање на професионални квалификации 2005/36/ЕС.

## II. <u>РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ</u>

### 2.1. ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ

Изработени се следните програмски документи:

- Методологија за развој на стручни квалификации;
- Методологија за развој на образовни програми;

- Наставни планови и наставни програми за 12 образовни профили за стручното образование за занимања и 1 (еден) наставен план и наставни програми за стручното оспособување со траење до две години, во рамките на Твининг проектот;
- Наставни планови и наставни програми за 5 (пет) образовни профили за стручното образование за занимања, надвор од Твининг проектот;
- Наставни програми за втора година за образовните профили: техничар дизајнер за внатрешна архитектура од градежно-геодетска струка (5) и за конфекциски компјутерски оператор од текстилно-кожарска струка (5);
- Наставни програми за трета година за образовниот профил машиновозач за дизелвозила и електровлечни возила (8);
- Наставни програми за четврта година за новите образовни профили во четиригодишното техничко образование: техничар за компјутерско управување (6), техничар за агроменаџмент (9) и техничар нутриционист (9);
- Наставни програми за бизнис - изборен предмет за III и IV година од економско-правна и економска струка;
- Наставни програми за трета година за учениците со посебни образовни потреби за: здравствена струка (9), машинска струка (9) и текстилно-кожарска струка (7);
- Наставен план за образовниот профил банкарски техничар од економско-правна и трговска струка;
- Водич за изготвување програми за слободни часови на училиштето во интегрираното образование;
- Програма за слободни часови на училиштето „Светско наследство во рацете на младите” за сите струки и профили во стручното техничко образование.

## 2.2. ИЗРАБОТКА НА ИСПИТНИ ПРОГРАМИ ЗА ДРЖАВНА МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ

Центарот започна со активности за изработка на испитни програми за полагање на стручниот предмет за матурски и завршен испит за следните струки: хемиско-технолошка (3), машинска (2) и земјоделско-ветеринарна струка (3).

## 2.3. ИЗРАБОТКА НА ПРАШАЊА ЗА ЕКСТЕРНА ПРОВЕРКА НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Советниците од Центарот, по барање на Државниот испитен центар, за пилотирање во одредени училишта на екстерното проверување на постигањата на учениците, ги подготвуваа прашањата за стручните предмети

од прва и втора година од струките и профилите кои беа застапени во тие училишта. Пилотирањето се реализира во декември 2012 година.

## 2.4. УЧЕСТВО ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВНАТА МАТУРА И НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

Вработените во Центарот, врз основа на решение на министерот за образование и наука, учествуваа како набљудувачи при спроведување на државната матура во средните училишта.

## 2.5. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Советниците од Центарот континуирано ја следеа реализацијата на наставните планови и програми. Преку средби и контакти со раководниот кадар, наставниот кадар и стручните активи на средните стручни училишта разгледуваа решенија за нивна поуспешна реализација.

## 2.6. КРЕИРАЊЕ НА РЕФОРМИРАНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во текот на 2012 година беа одржани две средби со претставниците од Бирото за развој на образованието на кои беа презентирани барањата за изработка на реформирани наставни планови и програми, во рамките на Твининг проектот за поддршка за модернизација на системот за образование и обука, за образовните профили од стручното оспособување и стручното образование за занимања. Акцент беше ставен на изработката на општообразовните наставни предмети.

## 2.7. ИНСТРУКТИВНО - МЕНТОРСКА И КОНСУЛТАТИВНО - СОВЕТОДАВНА РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ

Центарот континуирано даваше поддршка на наставниците по стручните предмети при реализација на наставните програми.

Одржани се обуки на наставниците и учениците од стручните училишта на тема:

- Примена на програмата „Подготовка за вработување и работа”;
- Примена на програмата „Учење преку работа”;
- Обука за програмирање и реализирање на програми за слободни часови на училиштето на мултиетнички принцип, како дел од проектот „Учиме заедно”;

- Обука на наставници од земјоделско-ветеринарните училишта за „Органско земјоделско производство”;
- Учество во обука на директори на стручните училишта, заедно со експертите од Твининг проектот;
- Обука на училишни тимови за наставни и воннаставни активности од доменот на меѓуетничка интеграција на образованието.

## 2.8. СТРУЧНИ МИСЛЕЊА ЗА ПРОГРАМИТЕ ЗА СЛОБОДНИ ЧАСОВИ НА УЧИЛИШТАТА И МИСЛЕЊЕ ЗА РАКОПИСИ ЗА УЧЕБНИЦИ

Советниците од Центарот, врз основа на предложените програми од стручните училишта, а кои се реализираат во рамките на слободните часови на училиштето, подготвија стручни мислења за повеќе програми и ги доставија до училиштата.

Советниците од Центарот дадоа повеќе мислења за усогласеноста на ракописите за учебници за стручните предмети со наставните програми.

# III. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 3.1. УЧЕСТВО ВО ПОДГОТОВКИ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА СОО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2013 – 2020 ГОДИНА

Во рамките на подготовките за развој на Стратегијата за развој на СОО, а врз основа на Рамката за изработка на стратегија за развој на СОО во Република Македонија 2013-2020 година, Центарот учествуваше во обезбедување на потребните информации, документи и материјали на експертите од Европската фондација за обука (ETF), како и учество во јавните расправи.

## 3.2. СТАНДАРДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

Во согласност со законската обврска, после неколкуте јавни расправи и одржаната Тркалезна маса, на 08.06.2012 година Стручниот совет на Центарот го усвои документот „Стандарди за изведување практична обука на учениците кај работодавачите”.

## 3.3. АНАЛИЗА НА ПОТРЕБАТА ОД ГРАДЕЊЕ СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КАДРИТЕ КОИ ГО ЗАВРШУВААТ СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

ЦСОО реализираше активности кои се однесуваат на Анализата на потребата од градење систем за следење на кадрите кои го завршуваат стручното образование, а се однесуваа на:

- утврдување методологија на истражувањето;
- изготвување инструменти за истражување (прашалници за работодавачи, општини, за директори, наставници и ученици, како и изготвување прашања за интервју);
- реализација на истражувањето;
- анкетирани 25 работодавачи, 15 општини, 50 директори, 210 наставници, 300 ученици);
- интервјуирани претставници од АВРМ, МОН, БРО, Универзитет, ЦСОО).

Активностите се во тек во однос на анализата. Активностите беа поддржани од Британски совет.

## 3.4. УЧЕСТВО ВО ИСТРАЖУВАЊА И ПРОЕКТИ ЧИИ НОСИТЕЛИ СЕ ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Центарот учествуваше во реализација на истражувања и проекти кои се однесуваат на стручното образование, а чии носители се други институции. Во текот на годината беа реализирани следните активности:

- Организирање обуки за занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот, за реализација на активности од мерката 6.3. Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот која е составен дел на мерките од Оперативниот план за активни програми и мерки на Владата на Република Македонија, имплементирани од страна на Агенцијата за вработување. Советниците учествуваа во спроведувањето на Оперативниот план за повеќе занимања: електроинсталатер и електромонтер за станбени објекти; аргон заварувач; болничар за медицинска установа; патронажна негувателка; изработувач на бели печива; готвач во угостителски објекти; изработувач и монтажер на градежна столарија; составувач на горни делови на обувки; фризер за жени; сервисер на мехатронички системи; помошник-козметичар; електроинсталатер и електромонтер за индустриски објекти; инсталатер и монтер на водоводна и гасоводна инсталација; гипсер-монтер и др. Од страна на советниците од ЦСОО беа изработени испитни програми за проверка на стручната оспособеност на кандидатите кои учествуваа на обуките на мерката 6.3. Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот која е

составен дел на мерките од Оперативниот план на Владата на Република Македонија;

- Во 2012 година Центарот учествуваше во активностите на Твининг проектот за поддршка за модернизација на системот за образование и обука, со акцент на реформа на стручното оспособување со траење до две години и стручното образование за занимања;

- Учество во пополнување Refer Net Questionnaire во рамките на БРУЖ Процесот;

- Учество во активности поддржани од **УСАИД,** JEC Мрежа проект – Програма за подготвеност за работа и Учење преку работа;

- Учество во активности поддржани од **УСАИД-МЦГО,** меѓуетничко интегрирано образование;

- Учество во активности поддржани од **Кралството на Норвешка, од** проектот „Чекори кон интегрирано образование" и подпроектот „Учиме заедно", во рамките на меѓуетничкото интегрирано образование;

- Учество во реализацијата на **Проектот на Светска Банка** - **The Concept for the Macedonia Skills Development and Innovation Support Project;**

- Учество во реализацијата на Проектот „**Македонска рамка на квалификации (појдовни основи)"**.

## 3.5. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Центарот соработуваше со разни владини и невладини органи, организации, социјални партнери, стручни и научни институции, како што се:

- Влада на Република Македонија;
- Министерство за образование и наука;
- Министерство за труд и социјална политика;
- Министерство за економија;
- Министерство за финансии;
- Совет за стручно образование и обука;
- Биро за развој на образованието;
- Агенција за вработување на Република Македонија;
- Центар за образование на возрасни;
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност;
- Државен испитен центар;
- Средните стручни училишта;
- Високообразовните институции (државни и приватни) во Републиката;

- ≠ Институтите;
- ≠ Стопанска комора на Македонија;
- ≠ Сојуз на стопански комори на Македонија;
- ≠ Комора на занаетчии;
- ≠ Невладини организации;
- ≠ Заедница на единиците на локалната самоуправа;
- ≠ Синдикатот;
- ≠ Останатите субјекти заинтересирани за развој на стручното образование.

На планот на меѓународната соработка, активноста на Центарот беше фокусирана на:

- ≠ Учество во изработка и реализација на проектот „Institutional collaboration in VET for integrated Europe" – ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ – МОБИЛНОСТ

- ≠ Учество во изработка на Кластер на знаења за „Good practice in making VET more attractive", во рамките на проектот на Романија поддржан од ЕТФ со учество на земјите од Југоисточна Европа.

## IV. ДЕЛОВНА ПОДДРШКА

### 4.1. ИЗРАБОТКА НА ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Центарот изработи предлог за измени и дополнувања на текстот на Законот за стручно образование и обука. Целта е соодветно систематизирање и дополнување на постојниот Закон за стручно образование и обука за кој во тековното работење на Центарот се востанови дека не соодејствува во целост со неговите функции и не ги рефлектира соодветно современите текови на развој на стручното образование и обука.

### 4.2 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Во ноември 2012 година, во координација со Министерството за образование и наука, Центарот изготви Акциски план за зајакнување на човечките ресурси и беше доставено барање за пополнување на 13 позиции преку проектот Суфицит – дефицит до Министерството за информатичко општество и администрација и до Секретаријатот за спроведување на охридскиот Рамковен договор. Постапувајќи по заклучокот на Владата на Република Македонија бр.41-8278/1 од 30.10.2012 година и листата со 11 лица кои би можеле да бидат преземени во Центарот, доставена од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, Центарот спроведе интервјуа и склучи спогодби за преземање на две лица/државни

службеници на работните места советник за планирање и спроведување на меѓународна соработка и виш референт – архивар.

## 4.3. ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВНИ КОНКУРСИ

За изработка на програмските документи, Центарот спроведе јавен конкурс за избор на надворешни соработници и тоа наставници од средните стручни училишта и професори од факултетите.

## 4.4. ЛЕКТОРИРАЊЕ, ПРЕВЕДУВАЊЕ И ПЕЧАТЕЊЕ ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ

Континуирано во текот на 2012 година, согласно со потребите на Центарот, се вршеше лектура на програмските документи, како и превод на документите од македонски на албански и на англиски јазик.

## 4.5. ОДРЖУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА ЦЕНТАРОТ И ПРОМОЦИЈА НА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ

Веб-страницата на Центарот беше постојано одржувана и ажурирана и тоа на македонски, на албански и на англиски јазик.

Исто така, редовно се објавуваат сите настани кои беа организирани од страна на Центарот или од страна на неговите партнери, со цел промовирање на работата на Центарот и новините во стручното образование и обука.

## 4.6. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КОМПЈУТЕРИ И ИНВЕНТАР ПРЕКУ ДОНАЦИЈА И ПОДАРОК

Преку УСАИД/ПЕП, по пат на донација, Центарот се стекна со подвижен имот и тоа: 7 компјутери, работни маси, канцелариски бироа, шкафови, столици, полици за на ѕид и сл.

Преку ВЛ Импакт-Скопје, по пат на подарок, Центарот се стекна со подвижен имот и тоа: 5 компјутери и монитори.

## V. ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

### 5.1. ИЗГОТВУВАЊЕ ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН, ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ИСТИТЕ

Во рамките на Годишната програма за работа на Центарот за 2012 година, се изработи и финансиски план за реализација на одобрените буџетски финансиски средства, согласно со потребите на Центарот.

Дел од финансиските средства за 2012 година иако ни беа доделени со буџетот, не беа реализирани од страна на трезорот при Министерството за финансии, со што овие нереализирани налози се префрлија како долг на Центарот за во 2013-та година во висина од 3.005.800,00 денари.

Планот за јавни набавки предвиден за 2012-та година беше реализиран во целост.

### 5.2. ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Центарот, и покрај барањата за вработување стручни лица во одделението за финансиско-материјални прашања и контрола, не доби согласности за истите, со што ова одделение и во текот на 2012 година немаше ниту еден вработен.

Со цел водење на целокупното сметководствено/финансиско работење на Центарот, согласно со позитивните законски прописи, по пат на јавна набавка, се ангажираше надворешен соработник.

## 6. ВОНПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

### 6.1. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СТУДИСКИ ПОСЕТИ

- Посета на Словенија во рамките на Твининг проектот „Поддршка за модернизација на системот за образование и обука";

- Посета на Литванија во рамките на проектот „Institutional collaboration in VET for integrated Europe" – ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ – МОБИЛНОСТ;

- Учество на работни средби со заедниците на земјоделско-ветеринарна и шумарско-дрвопреработувачка струка, електротехничка, машинска и сообраќајна струка, економско-правна и трговска струка и други стручни заедници;

- Учество во работилници во рамките на проектот „Светското наследство во рацете на младите", организирани од проектот на УНЕСКО;

- ≠ Учество во меѓународниот проект „Унапредување на педагошките компетенции на наставниците и лидерските вештини на директорите од средните стручни училишта", финансирано од Владата на Финска;
- ≠ Учество на Конференција „Воведна конференција за обука за имплементација на новите наставни планови и програми" во Скопје, организирана од страна на Твининг проектот;
- ≠ Учество на Третиот интернационален конгрес за техничко и стручно образование и обука што се одржа во мај, 2012 година во Шангај, Република Кина;
- Учество во работилници организирани во Виена и Букурешт за изработка на Кластер на знаења за „Good practice in making VET more attractive", поддржан од ЕТФ и Култур Контакт.
- Учество во работилници организирани од УНИЦЕФ за инклузивно образование.

## 6.2. ПРОМОВИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ И УЧЕСТВО ВО КОМИСИИ

- ≠ Учество во комисии за натпревари меѓу учениците од стручните училишта од различни струки;
- ≠ Учество во организацијата и изработката на тестови за натпревари за четиригодишното техничко образование од електротехничката, машинската и сообраќајната струка;
- ≠ Учество во организацијата и изработката на тестови за натпревари за четиригодишното техничко образование од земјоделско-ветеринарна струка;
- ≠ Учество во организацијата и изработката на тестови за натпревари за четиригодишното техничко образование од хемиско-технолошка струка;
- ≠ Учество во комисии за полагање приправнички испити на наставниците;
- ≠ Учество во работата на Техничката работна група (ТРГ) надлежна за организација и координација на обуките на невработените лица, согласно со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012 на Владата на Република Македонија;

≠ Учество во комисии за проверка на стручната оспособеност на кандидатите кои учествуваа на обуките на програмите од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012 на Владата на Република Македонија;

≠ Учество во селекционите комитети за програмите Грундвиг, Еразмус и Комениус при Националната агенција за европски образовни програми и мобилност;

≠ Учество во комисии за верификација на нови струки и образовни профили;

≠ Учество во комисии за верификација на образовни програми за образование на возрасни;

≠ Учество во Управен одбор на АВРМ на проектите кои се реализираа во рамките на ИПА програмата „Обука за невработени лица" и проектот „Понатамошна модернизација на АВРМ".

≠ Учество на координативни средби за следење на реализацијата на Програмата за поттикнување инвестиции во Р.Македонија 2011-2014 год.

≠ Учество во работна група формирана од МОН за подготовка на екстерно проверување на постигањата на учениците

Составен дел на Извештајот за работењето на Центарот за 2012 година е и Годишниот финансиски извештај за 2012 година даден во прилог бр.1.

**ДИРЕКТОР**

**ЗЕЌИР ЗЕЌИРИ**

Прилог бр.1

# Годишен финансиски извештај за реализација на одобрениот буџет на Центарот за стручно образование и обука во период од 01.01.2012 – 31.12.2012 година

## Р А С Х О Д И

| *Реден број* | *Ставка* | *Наслов на активноста* | *Вредност (годишно ниво)* |
|---|---|---|---|
| | **40** | **Плати и надоместоци** | **6.841.451,00** |
| 1. | 401 | - Основни плати на вработените | 4.994.262,00 |
| 2. | 402 | - Придонеси за социјално осигурување | 1.847.189,00 |
| | **42** | **Стоки и услуги** | **3.199.850,00** |
| 3. | 420 | **Патни и дневни расходи**<br>– патни трошоци во земјата<br>- патни трошоци во странство | ***80.000,00***<br>0,00<br>80.000,00 |
| 4. | 421 | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**<br>- Електрична енергија<br>- Водовод и канализација<br>- Греење – нафта<br>- Пошта<br>- Телефон и телефакс<br>- Гориво и масла<br>- Регистрација на возило<br>- Транспорт на стока<br>- Ѓубретарина<br>- Други комунални услуги | ***600.000,00***<br>177.112,00<br>54.761,00<br>0,00<br>11.112,00<br>248.640,00<br>20.930,00<br>13.926,00<br>70.800,00<br>2.339,00<br>380,00 |
| 5. | 423 | **Материјали и ситен инвентар**<br>- Канцелариски материјали (класери, вирмани, папки, пликоа, обрасци и друг потрошен материјал)<br>- Тонери, кертриџи, рибони<br>- Ситен инвентар<br>- Списанија, весници и др. материјал<br>- Прехранбени артикли и пијалаци<br>- Средства за одржување на хигиената<br>- Други административни материјали | ***669.850,00***<br>269.660,00<br>329.798,00<br>0,00<br>14.000,00<br>3.650,00<br>18.168,00<br>34.574,00 |
| 6. | 424 | **Поправки и тековно одржување**<br>- Одржување на Веб-страницата<br>- Одржување на компјутерската опрема и софтвер<br>- Одржување на службено возило | ***150.000,00***<br>116.490,00<br>12.680,00<br>20.830,00 |
| | 425 | **Договорни услуги**<br>- Осигурување на вработените<br>- Сметководствени услуги<br>- Благајнички и други финансиски услуги | ***1.669.700,00***<br>19.200,00<br>78.376,00<br>179.937,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | | - Услуги за одржување на хигиената<br>- Стручна и техничка помош во пост.за стр.образ.<br>- Израб.25 стандарди на стручни квалиф.во стр.образ.<br>- Исплата на над.сораб. за превод и лектура<br>- Исплата на членови на Управен одбор<br>- Исплата на членови на Совет за стручно образование и обука<br>- Услуги за умножување/копирање<br>- Услуги за спремање и пос. топ. и ладни напивки<br>- Здравствени прегледи на вработени<br>- Трошоци околу вселување и надзор на нов објект<br>- Завршни сметки | 98.953,00<br>13.636,00<br>18.107,00<br>23.239,00<br>535.924,00<br><br>441.508,00<br>36.554,00<br>29.823.00<br>21.000,00<br>170.421,00<br>3,022,00 |
| 8. | 426 | Објавување огласи | 30.300,00 |
| | **48** | **Градежни објекти** | **199.169,00** |
| 9 | 480 | Купување опрема | 199.169,00 |
| | **48** | **Градежни објекти** | **1.100.000,00** |
| 10 | 481 | Реновирање на нов деловен простор | 1.100.000,00 |

Вкупно расходи (р.бр.1 до р.бр.8) **11.340.470,00**

Број 01-423
од 18.06.2013 година